Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 02.01.2022

На 01.01.2022 во 15.15 часот на подрачје на Ѓорче Петров од полициски службеници од Единица за интервентна полиција на СВР Скопје е лишен од слобода С.Ш.(22) од Скопје, затоа што кај него е пронајдена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2022 во 04.30 часот во СВР Охрид е приведен Т.Р.(30) од Охрид. При преглед во патничко возило „БМВ", во кое се превезувал, извршен на ул.„Васил Стефоски" во Охрид, полициските службеници пронајдоа и одзедоа кеса со марихуана. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.01.2022/02.01.2022, во периодот од 22.00 до 03.00 часот, спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 89 возачи. Од нив 20 на територија на СВР Скопје, 15 на територија на СВР Струмица, 12 на територија на СВР Тетово...

На 01.01.2022 во 21.30 часот во с.Боговиње, полициски службеници од Полициското одделение Камењане го привеле В.И.(24) од с.Пирок, затоа што при контрола на патничко возило „пасат", со хрватски национални ознаки, кое го управувал, бил пронајден гасен пиштол за кој не поседувал документи. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.01.2022 околу 18.00 часот на регионален пат с.Слупчане – Граничен премин Белановце, патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(25) од с.Отља, кумановско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник од с.Опае, кумановско, констатирани во Општата болница Куманово. Увид извршила екипа од СВР Куманово.

На 01.01.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 102 мерки, меѓу кои за возење под дејство на алкохол 39 санкции, 23 санкции за возење без возачка дозвола. Изречени се три мерки за минување на црвено светло, две мерки за некорпстење сигурносен појас, две мерки за користење мобилен телефон, четири мерки за возач почетник, пет мерки за нерегистрирани возила, две мерки за недавање првенство на минување на пешаци.

На 01.01.2022 во 21.10 часот на магистралниот пат А2 Гостивар – Кичево, патничко возило „ауди", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Б.Д.(27) од Гостивар излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот М.Б.(25), а со телесни повреди се здобиле сопатничките А.Ј. и Ј.Ј., констатирани во Ургентен центар Гостивар. Увид извршила екипа од полициска станица Гостивар.

На 01.01.2022 во 19.15 часот во СВР Скопје, З.П.(56) од Скопје пријавила дека на ул. „Срѓко Пужалка" била касната од куче скитник.

На 01/02.01.2022 во периодот од 22.00 до 03.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид спроведени се засилени акциски сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 9 возачи кои управувале под дејство на алкохол (Охрид-04, Струга-03, Кичево-01, Дебар-01). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 02.01.2022 во 01.00 часот на регионалниот пат Тетово – Јажинце, кај с.Џепчиште, патничко возило, со непознати регистарски ознаки, кое по незгодата го напуштило местото на несреќата, удрило во пешак Н.И.(36) од Тетово. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Тетово. Увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 01.01.2022 околу 22.30 часот во СВР Скопје, Х.М.(28) од Скопје пријавил дека на ул. „Волковска" бил каснат од куче скитник.

На 01.01.2022 во 20.50 часот во Велес од полициски службеници од СВР Велес се лишени од слобода Д.Р.(19), М.Ѓ.(22) и Ј.М.(19), сите од Велес, затоа што кај нив е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 01.01.2022 во 21.35 часот во Велес од полициски службеници од СВР Велес е приведен А.А.(20) од Велес, затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.01.2022 околу 01,00 часот во СВР Куманово е пријавено дека на плоштадот „Павел Шатев" во Кратово, Д.Б.(33) од Струмица физички го нападнал Ф.Ф.(31) од Кратово. Сочинет е записник за констатиран прекршок од ЗППЈРМ.

На 31.12.2021 околу 00.15 часот во СВР Штип е пријавено дека во угостителски објект на патот Берово – Струмица, по претходна расправија, е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.Т.(30), од една страна и М.Д.(22) и Т.Д.(46), од друга страна, сите од Берово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2022 во 17.48 часот кај клучка Мирковци, полициски службеници го привеле И.И.(32) од Скопје, кој управувал патничко возило „фолксваген венто", со скопски регистарски ознаки, затоа што при легитимирање лажно се претставил, покажувајќи службена легитимација без име и презиме, за која било утврдено дека не е негова, а пајасниот дека ја нашол во смет. Лицето е предадено на полициски службеници од полициска станица Чаир за понатамошна постапка.

На 01.01.2022 во 16.00 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово е лишен од слобода Е.Ц.(32) од Тетово, затоа што во 15.30 часот физички ја нападнал неговата 28-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.01.2022 околу 14.00 часот во Полициско одделение Камењане, Џ.Ф. од с.Селце Кеч пријавил дека, додека извршувал работни задачи на локалниот пат од с.Боговиње кон с.Селце Кеч, забележал две неиспукани тромблонски мини „ЕРПГ" кал. 40мм. Увид на лице место извршила екипа од Полициско одделение Камењане, а мините се безбедно подигнати од инспектор од Дирекција за заштита и спасување.

На 01.01.2022 во 13.30 часот во угостителски објект на Попова Шапка, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Е.Х.(34), С.И.(30), Б.Л.(32) и Д.Д.(25), сите од Скопје, затоа што околу 13.00 часот, пред угостителскиот објект, физички ги нападнале Ж.Н.(49) од с.Бревница и Џ.Б.(28) од Тетово. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.01.2021 околу 23.15 часот во СВР Скопје е пријавено дека во близина на продавница на подрачјето на Чаир две лица со закана одзеле чанта и јакна од А.Х.(29) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2021 во 20.40 часот во СВР Тетово е пријавено дека во Клинички центар Тетово е донесен А.Б.(37) од Тетово, со убодна рана од остар предмет. При извршениот разговор со полициски службеници, А.Б. изјавил дека околу 20.00 часот, при расправија во неговиот дом, бил повреден од неговиот 17-годишен син, кој имал здравствени проблеми. Малолетникот е пренесен во Психијатриска болница Скопје, а увид на лице место извршила екипа од СВР Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2022 во 22.40 часот во СВР Скопје, Б.Р.(34) од Скопје пријавил дека околу 16.40 часот, додека извршувал работни задачи како чувар во фирма во круг на Железара на подрачјето на Гази Баба, бил физички нападнат од С.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2022 во СВР Штип е пријавено дека на Беровското Езеро, кај поранешен угостителски објект, околу 13.55 часот дошло до самозапалување на патничко возило „фолксваген пасат", со струмички регистарски ознаки, паркирано од Б.М.(22) од с.Градошорци. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Берово. Увид на лице место извршила екипа од СВР Штип.

На 02.01.2022 во 02,50 часот во СВР Тетово Б.С.(23) и С.Д.(30), двете од Тетово, пријавиле дека околу 01.50 часот во Тетово, по претходно недоразбирање, биле физички нападнати од Ј.Џ. и К.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2022 полициски службеници од СВР Скопје привеле четири лица, поступувајќи по пријава добиена во 21.30 часот од ГОБ „Наум Охридски", каде бил донесен Ш.Н.(65) од с.Мојанци со повреди од огнено оружје. Според пријавеното, додека го управувал своето патничко возило „голф" во с.Мојанци, во Ш.Н. било испукано од едно лице од с.Арачиново, кое било со патничко возило „мерседес Ц", без регистарска ознака. Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје, а возилата се обезбедени. За настанот е известен Јавен обвинител и по негово целосно расчистување и документирање ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.Ж.(38) од Штип, поради постоење основано сомнение за сторени дие кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „спречување во вршење службено дејствие". На 26.12.2021 полициски службеници на ул.„Партизанска" во Штип, при контрола на патничко возило „хонда", кај возачот М.Ж. пронашле марихуана, а во возилото се пронајдени кеси со тврда материја. Притоа, М.Ж. попречувал полициски службеник во вршење службено дејство.

На 02.01.2022 во 01.30 часот во СВР Скопје И.Н.(30) од Скопје пријавил дека на 01.01.2022 околу 23.00 часот, пред рампа за влез во парк-шума „Гази Баба", четири лица му одзеле јакна и ранец со професионална опрема за фотографирање, при што едно од нив со остар предмет му нанело повреда. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2022 во 01.35 во СВР Куманово С.Р.(30) пријавил оштетено ветробранско стакло на паркирано патничко возило „сеат толедо", со кумановски регистарски ознаки, сопственост на Е.М., од залутано зрно. Зрното е подигнато за понатамошна постапка, а увид извршила екипа од СВР Куманово.

На 01.01.2022 во 13.30 часот во СВР Тетово Е.Ш.(31) од Скопје пријавила дека на 31.12.2021 во 20.05 часот, во близина на наплатна рампа Гостивар, по претходна расправија, била физички нападната од Е.Н.(27) од с.Вруток, гостиварско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе пријава против А.М.(27), И.М.(27) и З.М.(50), сите од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „фалсификување на исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 17.10.2021 на Граничен премин „Табановце" тројката приложиле фалсификуван ПЦР тест.

На 01.01.2022 во 16.30 часот во СВР Битола М.М.(45) од Битола пријавила дека нејзината ќерка А.М.(13) се оддалечила од домот и ја известила дека ќе оди кај нејзиниот дедо, но се сомнева дека е со нејзиното момче. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.01.2022 во 00.50 часот во СВР Тетово М.Р.(19), Б.А.(19), Д.А.(22), Е.А.(19) и Ј.А.(19), сите од тетовско, пријавиле дека во близина на угостителски објект во Тетово биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2022 во 16.20 часот во СВР Битола, С.Р.(40) од Битола пријавил дека околу 14.00 часот пред хотел во Битола, Н.Т. замавнала кон него, но го удрила неговото дете, кое го држел во раце. За настанот е известен Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.01.2022 во 12.30 часот во СВР Скопје, С.К.(73) од Скопје пријавил дека во периодот од 30.12.2021 во 11.00 часот до 01.01.2022 во 10.30 часот од залутано зрно било скршено ветробранското стакло на неговото патничко возило „мазда 323", со скопски регистарски ознаки, кое било паркирано на подрачјето на Ѓорче Петров. Увид извршила екипа од СВР Скопје, а зрното е подигнато за понатамошна постапка.

На 01.01.2022 во 12.15 часот во СВР Куманово А.К.(36) од Куманово пријавила дека нејзиниот брат Д.П.(34) од Куманово околу 05.30 часот од страна на М.Б. и С.Н. бил донесен повреден пред хотел во Куманово, по што бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде му била констатирана тешка телесна повреда. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет